FASHIONGROUP

Fashion Group повеќе од 20 години важи за најголема малопродажна модна групација во земјава, а во нејзиното портфолио ќе најдете некои од најголемите светски реномирани брендови како Hugo Boss, Diesel, Guess, Bitsiani, Mango, Springfield, Okaidi, Superdry, Timberland и други. Нашата цел од самиот почеток, па сè до денес е да му овозможиме на секој наш клиент да го изгради личниот стил и да експериментира со истиот, одбирајќи ги парчињата на светските брендови.

Нашите вредности го рефлектираат она вистинското на компанијата, но и на сите брендови чии франшизи ги претставуваме – воздигнувањето на личниот стил над модата со помош на уникатните сезонски колекции.

Вработените во нашата компанија чиј број постојано се зголемува, се тим индивидуалци и креативци кои постојано работат на развивање нови идеи за соодветно претставување на вредностите на компанијата. Постојано се обидуваме да го пронајдеме најдоброто во нашите вработени и заедно да работиме на нивните амбиции, бидејќи кога се инвестира во нивниот развој, не само што го зголемуваме нивниот професионален капацитет, туку и ја зголемуваме и успешноста на целата наша организација.

Fashion Group има потреба од:

**РАКОВОДИТЕЛ НА МАГАЦИН**

**Обврски и одговорности:**

1. Организирање и контрола на процесот на транспорт на роба од магацин до продавници
2. Обезбедување услови за соодветно складирање на робата во магацинскиот простор
3. Обезбедување навремено и правилно повлекување на роба од продавниците
4. Контрола и следење на работењето на магацинот, службата за декларирање и службата за онлајн нарачки и пратки
5. Организација и управување со процесите: делегирање на задачи на вработените во согласност со описот на работата и тековното ангажирање; контрола на работата на вработените
6. Состаноци и известување: водење неделен состанок; неделен извештај за работата на магацинот; распоред на работата; присустност на вработените; изработка на записник
7. Организација на редовниот извозен и увозен процес; координација, ангажирање и организација на транспортот
8. Работа на извештаи
9. Организација на редовен годишен, квартален попис (по потреба и почесто) во магацинот/онлајн магацинот
10. Организација на попис при прием и влез/излез на роба од магацинот/онлајн магацинот
11. Одговорен за состојба на залихите во службите за кои е одговорен
12. Дефинирање и контролни точки на процесот помеѓу магацинот и останатите сектори и служби за решавање на неусогласеностите со цел непречено одвивање на процесите на нивото на компанијата
13. Прием на стока, подготовка на стока, товарење и растовар
14. Издавање на отпремница за достава на роба
15. Одговорен за задолжување на магацин/онлајн магацин со роба што се враќа од продавниците
16. Подготовка на роба за отпис

FASHIONGROUP

**Образование, работно искуство и вештини:**

- ССС/ВСС
- Претходно работно искуство на иста или слична позиција, минимум 2 години
- Познавање на MS Office пакетот
- Познавање на работа со софтвери за водење залиха
- Познавање англиски јазик
- Поттикнување на тимска работа, соработка и позитивна атмосфера
- Агилност, прилагодливост и флексибилност
- Управување со време и приоритети
- Задолжително поседување возачка дозвола – Б категорија, активен возач

**Ние нудиме:**

- Можност да бидете дел од Компанија со одлична работна атмосфера
- Конкурентна заработка
- Можност за дополнително развивање и усовршување преку обуки и семинари
- Пакет бенефиции за лојални вработени

Доколку сметате дека ги поседувате потребните искуство и вештини аплицирајте на jobs@fashiongroup.com.mk со назнака „Раководител на магацин“

**Напомена:**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани.

Сите апликации ќе бидат третирани со строга доверливост. Со самото аплицирање кандидатот се согласува неговите лични податоци наведени во апликацијата да бидат чувани во базата на податоци и обработувани во рок од 1 година од денот на истекот на рокот за избор. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци согласно Законот за заштита на лични податоци со обраќање на наведената електронска пошта во огласот.